Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-624/2
29-10-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–624/1 од 20.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола, со адреса на живеење на [redacted] во Битола, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–624/1 од 20.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## Образложение

На 20.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Битола, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Имено, писменото поднесено од именуваниот е насловено како Приговор на интерен оглас бр. 23.6-50 од 15.01.2024 година, бр. 23.6-12 од 15.01.2024 година и бр. 23.6-30 од 15.01.2024 година.

Во писменото насловено како приговор, подносителот наведува дека согласно позитивните законски прописи предвидено било дека по приемот на пријвите од кандидатите, надлежниот орган бил должен да ги извести кандидатите кои не биле избрани во рок од 5 работни дена од склучувањето на договорот за вработување со избраниот кандидат. Ова ивестување како наведува подносителот треба да содржи детално известување за причините за неизбор, како и појаснување на квалификациите што ги поседува избраниот кандидат кој се рангира повисоко од оние на неизбраните кандидати. Такво известување подносителот не добил заради што смета дека ваквиот пропуст го лишил од правото да добие навремена повратна информација за статусот на неговата апликација како и да биде известен за причините за неговиот неизбор. Како резултат на наведеното, му била ускратена можноста да даде приговор за донесената одлука. Подносителот смета дека му била ускратена можноста да поднесе образложен приговор на одлуката. Без знаење за причините а неговиот неизбор не можел ефикасно да ја спори одлуката или да бара

појаснување за какви било несогласувања. . Воедно наведува дека дел од избраните кандидати не ги исполнувале условите утврдени со наведените интерни огласи. Поради ова предлага интерниот оглас заведен под број 23.6-50 од 15.01.2024 година, интерниот оглас број 23.6-12 од 15.01.2024 година и интерниот оглас 23.6-30 од 15.01.2024 година да се поништат, да се распише нов интерен оглас кој ќе биде спроведен согласно позитивните законски прописи на начин што процесот на селекција би бил спроведен на транспарентен и правичен начин, обезбедувајќи еднакви можности за сите кандидати.

Имено, согласно член 21 став (1) алинеја 14 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапува по претставки, носи мислења, препораки заклучоци за конкретните случаи на дискриминација. Следствено, Комисијата нема надлежност да постапува по приговори. Воедно со оглед да во конкретниот случај се работи за спор од работен однос, Комисијата го упатува подносителот да побара заштита на своите права пред надлежните органи како Државниот инспекторат за труд или да побара заштита пред надлежните правосудни органи.

Согласно изнесеното, а земена предвид надлежноста на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
28.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk